**Дополнителна вежба**

Пред да започнете со изработка на задачите во **Word** документ, направете го следново форматирање на документот: маргините да бидат **2,54cm**, ориентацијата **исправена**, големината **А4**. Користете **фонт Calibri**, **големина на фонтот 12**, **проред 1,15** и **порамнување од двете страни**. Легендите под табела 1 и слика 1 да бидат со **големина на фонтот 11**. Поставете ги **заглавието** и **подножјето** (**header** и **footer**) како што е дадено во документот. Документот да изгледа точно онака како што ви е зададен.

**Задача 1. а)** Во **Word** изгответе ја долунаведената табела. Елементите во ќелиите да бидат поставени во средина лево. Првата колона да биде широка 1,5 cm, втората и третата да бидат по 3 cm, додека останатите по 2,5 cm.

| **Ред. број** | **Наслов** | **Автор** **Име/Презиме** | **Издавачка куќа** | **Година на издавање** | **Број на примероци** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Кодот на Да Винчи | Ден Браун | Три | 2009 | 3 |
| **2.** | Мемоари на една гејша | Артур Голден | Три | 2004 | 5 |
| **3.** | Рингишпил | Јелена Бачиќ Алимпиќ | Матица Македонска | 2011 | 6 |
| **4.** | Медицина | Марк С. Фишман | Арс ЛАМИНА | 2011 | 1 |
| **5.** | Системи за бази на податоци | Томас М. Конoли | Арс ЛАМИНА | 2009 | 8 |
| | | | | | **Вкупно** |
| | | | | | **23** |

**Табела 1:** Список на книги

**б)** Ископирајте ја табелата под а) и направете сортирање на книгите по издавачка куќа, а потоа по наслов.

**Задача 2.** Напишете ги следниве формули:

- $\sin^2 x + \cos^2 x = 1$
  - $\int_1^\infty \tan x \, dx$
    - $(x+a)^n = \sum_{k=0}^{n} \binom{n}{k} x^k a^{n-k}$

**Задача 3.** Во **Word** документ вметнете слика од Мики Маус. Сликата да има димензии: ширина 5,5 cm и висина 5,5 cm. Под сликата поставете легенда. Паралелно со сликата нацртајте го дадениот цртеж.



**Слика 1.** Мики Маус

